Осигурително брокерско друштво
СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД
бр. 02-1/70
12.07 2022 год.
Битола

ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР
АД БИТОЛА

# З А П И С Н И К

од состанок на Одбор на директори на Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола, со седиште на ул. Димитар Илиевски - Мурато бр.5 во Битола и ЕМБС 7000324, одржан на ден 12.07.2022 година во деловните простории на друштвото на ул. Димитар Илиевски - Мурато бр.5 во Битола, со почеток во 08:00 часот, во присуство на мнозинство членови и тоа:

1.Христо Кондовски од Битола, со живеалиште на ул.[redacted] бр.[redacted] во Битола, со ЕМБГ [redacted], како неизвршен член - Претседател на Одбор на директори;

2.Зоран Пејчиновски од Битола, со живеалиште на ул.[redacted] бр.[redacted] во Битола, со ЕМБГ [redacted], како извршен член - Главен Извршен директор;

3.Иванчо Дафовски од Битола, со живеалиште на ул.[redacted] бр.[redacted] во Битола, со ЕМБГ[redacted], како неизвршен член;

4.Николина Таневска, од Битола, ул.[redacted] бр.[redacted] со ЕМБГ [redacted] како извршен член - Втор Извршен директор);

5.Благој Бошевски со живеалиште на ул.[redacted] бр.[redacted] во Битола и ЕМБГ[redacted] како Неизвршен и Независен член.

Претседателот на Одборот на директори го предложи следниот

# Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Одлучување за свикување на годишно акционерско собрание за 2021 на ден 12.08.2022 година со следниот дневен ред:

-Разгледување и одлучување за донесување на одлука за усвојување на Годишен извештајза работата на Друштвото за 2021 година;

-Разгледување и одлучување за донесување на одлука за усвојување на Завршна сметка на Друштвото за 2021 година;

-Разгледување и одлучување за донесување на одлука за усвојување на Ревидиран ревизорски извештај на Друштвото за 2021 година;

-Разгледување и одлучување за донесување на одлука за утврдување и распоред на финасиски резултат за 2021 година;

-Разгледување и одлучување за донесување на одлука за одобрување на работата на органот на управување на Друштвото за 2021 година;

Членовите на Одборот на директори едногласно го усвоија предложениот дневен ред.

Во врска со точката 1 на дневниот ред за збор се јави Зоран Пејчиновски кој наведе дека Друштвото ги исполни неопходните услови за одржување на задолжителното годишно собрание на акционери за 2021 година. Врз основа на наведеното тој предложи донесување на одлуката.

Бидејќи никој од присутните не се јави за збор претседателот на Одборот на директори го стави предлогот за свикување на вонредно собрание на акционери на гласање, по што членовите на Одборот на директори ја донесоа следната

# О Д Л У К А

Член 1

СЕ СВИКУВА годишно собрание на акционери за 2021 година за ден 12.08.2022 година.

Член 2

СЕ ЗАДОЛЖУВА Главниот извршен директор за ги преземе сите законски дејствија потребни за свикување и организација на собранието од член 1.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на Одбор на директори

Христо Кондовски

Членови на Одбор на директори

1.Благој Бошевски

2.Зоран Пејчиновски

3.Иванчо Дафовски

4.Николина Таневска

Со оглед дека предвидениот дневен ред е исцрпен и други точки на дневен ред не се предложени и изгласани, Претседателот на Одборот на директори го прогласи состанокот за затворени и овој записник за заклучен.

Претседател на Одбор на директори

Христо Кондовски

Осигурително брокерско друштво ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР 12 АД Битола